## Регионална политичка поддршка

Иницијативата РЕКОМ доби директна политичка поддршка од највисоките претставници на власта и на политичките партии. Основањето на РЕКОМ го поддржаа претседателите на Хрватска, на Црна Гора и на Словенија, Иво Јосиповиќ, Филип Вујановиќ и Данило Тирк, членот на претседателството на БиХ, Жељко Комшиќ, премиерот на Косово, Хашим Тачи, бројни министри, претседатели на најголемите парламентарни политички партии, како и претставници на бројни локални државни институции.

## Јавни заговарачи на Иницијативата РЕКОМ

Нивната задача е да ги придобијат домашните политичари за заедно да ја основаат РЕКОМ и со тоа да покажат дека се решителни регионалната соработка да ја градат врз основа на фактите и на дијалогот за тоа што се случи во минатото.
Здравко Гребо, професор на Правниот факултет во Сараево, БиХ
Жарко Пуховски, професор на Правниот факултет во Загреб, Хрватска
Билјана Ванковска, професор на Филозофскиот факултет во Скопје, Македонија
Дино Мустафиќ, режисер, БиХ
Адриатик Келменди, новинар, Косово
Динко Грухоњиќ, новинар, Србија,
Душко Вуковиќ, новинар, Црна Гора
Ценана Каруп Друшко, новинарка, БиХ
Игор Мекина, новинар, Словенија
Наташа Кандиќ, бранителка за човекови права, Србија

## Кампања РЕКОМ за иднината

***Време е за политичка одлука.***

***Време е за нов чекор.***

***Време е за РЕКОМ.***

***РЕКОМ за иднината.***

Коалицијата за РЕКОМ им се обраќа на политичарите, барајќи да ја конкретизираат својата поддршка и да започнат процедури за Иницијативата РЕКОМ да стане меѓудржавен проект за помирување.

Информациите за активностите на Коалицијата за РЕКОМ се достапни на страницата на Иницијативата на Интернет, www.zarekom.org и www.perkomra.org , на албански, на босански, на црногорски, на англиски, на хрватски, на македонски, на словеначки и на српски јазик.

На општествената мрежа Фејсбук на адресата
**Za rekom Për komra For recom** водиме кампања за РЕКОМ.

**Придружи се.**



**Време е за одлука,**
**РЕКОМ за нашата иднина**

**Që të mos përsëritet.**
**KOMRA për të ardhmen.**

**Napravi nešto za sebe i druge.**

**За подобра иднина**

**Vreme je za novi korak.**

РЕКОМ

## Време е за РЕКОМ

Иницијативата за РЕКОМ е регионална и заснована е на отворен дијалог. Таа е пат кон сеопфатен историски увид во злосторствата кои се направени во непосредното минато. Го води утврдувањето на улогата на националните елити, институциите и поединците во кршењето на човековите права.

Судењата пред Меѓународниот кривичен суд за поранешна Југославија и пред домашните судови значително придонесоа во казнувањето на сторителите на злосторствата, но не се во можност во полна мера да ги задоволат потребите за правда на жртвите и општествата, ниту сами можат да обезбедат услови за постигнување траен мир во регионот.

Неопходно е сочувство со жртвите на сите народи на територијата на некогашна СФРЈ. Злоупотребата на жртвите за политички цели и натпреварување во виктимизацијата мора да бидат спротивставени со фактите.

РЕКОМ има можност одлучувачки да придонесе за прифаќање на фактите за воените злосторства и тешките кршења на човековите права на сите жртви. Со тоа поставува основа за обновување на довербата помеѓу поединците, народите и државите во регионот.

Постоењето на РЕКОМ ги поттикнува на солидарност семејствата на исчезнатите во нивното настојување да ја дознаат судбината и да ги откријат посмртните останки од своите најблиски.

## Што е РЕКОМ

Регионална меѓудржавна комисија, РЕКОМ, ги утврдува и ги објавува фактите за сите жртви од војните во периодот од 1991 година до 2001 година на територијата на некогашна СФРЈ, во текот на три години од основањето.
РЕКОМ е вонсудско тело кое ги утврдува фактите во врска со геноцидот, воените злосторства и другите тешки кршења на човековите права, кое што не донесува никаква правна оцена.

Комисијата ги утврдува фактите за политичките и општествените околности кои значително придонеле за избувнување на војни и воени злосторства.

Обврска на Комисијата е да направи поименичен попис на сите жртви, војници,полицајци и други припадници на вооружените формации и да ги утврди сите релевантни факти за околностите на нивното страдањае.
РЕКОМ е должен да собере податоци за местата на заточеништво во текот и за време на војната. Да направи сеопфатен попис на противправно затворените, жртвите на тортури и нечовечко постапување.

Комисијата е истражно тело кое е овластено да зема изјава од секој кој може да даде релевантни информации за воените злосторства. Да повика поединци во лично својство или како претставници на институции, политички групи, верски заедници, професионални здруженија и медиуми, да сведочат пред Комисијата.

Таквата Комисија може да придонесе политичките елити и општествата во пост-југословенските земји да ги прифатат фактите за воените злосторства и другите тешки кршења на човековите права. Тоа истражно тело во соработка со официјалните комисии за исчезнати лица учествува во расветлување на судбините од исчезнатите чие што исчезнување е поврзано со војните.
РЕКОМ дава препорака за материјално обесштетување, извинување, подигнување споменици, меморијални центри и обележување на местото на страдање.

## Коалицијата за РЕКОМ

Коалицијата за РЕКОМ е регионална мрежа на невладиниот сектор која заговара основање на Регионална комисија за утврдување и јавно соопштување на фактите за воените злосторства кои се направени во војните на територијата на некогашна СФРЈ, од јануари 1991. година, до крајот на 2001. година. Составена е од 1800 организации и поединечни членови/членки, вклучувајќи и организации за човекови права, здруженија на жртви, младински организации, здруженија на ветерани, медиуми, верски заедници, членови од семејства на жртви, и личности кои активно го промовираат соочувањето со минатото.
Основната задача на Коалицијата за РЕКОМ е да ја јакне јавната, медиумската и поддршката на невладиниот сектор за основање на РЕКОМ.

## Предлог-статут на РЕКОМ

Во периодот од мај 2006.година, до март 2011. година, Коалицијата за РЕКОМ организираше 128 консултативни состаноци за задачите, за целите и за активностите на идната Регионална комисија.
Во тие консултации учествуваа околу 6.500 претставници на невладиниот сектор и 65 членови на правничката струка.
Врз основа на предлозите на учесниците во консултативниот процес, а имајќи ги предвид добрите решенија на успешните комисии за вистина, Работната група за изработка на моделот на РЕКОМ, направи нацрт-предлог на Статутот на РЕКОМ, кој е усогласен и усвоен на Четвртото Собрание на Коалицијата за РЕКОМ, на 26. март 2011. година. Со тоа тој стана Предлог-статут на Регионалната комисија (РЕКОМ).
Коалицијата им го упати на сите претседатели на државните од територијата на некогашна СФРЈ, повикувајќи ги , во интерес на жртвите и на идните генерации, заеднички да ја основаат РЕКОМ, која може да осигура јавно признание и почит на сите жртви.

## 543.870 потписи на поддршка

Од 26. април до 30. јуни 2011. година, 450 волонтери во петнаесет градови на Босна и Херцеговина, на Црна Гора, на Хрватска, на Косово, на Македонија, на Словенија и на Србија, собираа потписи на граѓаните за основање на РЕКОМ. Добија вкупно 563.870 потписи на поддршка, што претставуваше до сега најголема поддршка на некоја невладина иницијатива и прво собирање на граѓаните во пост-југословенските држави околу некоја заедничка иницијатива. Волонтерите на Косово во текот на три седмици собраа 100.000 потписи. Во Србија се собрани 254.625, во Хрватска 19.874, во Црна Гора 31.060, во Словенија 5.346, во Македонија 10.059 потписи.

## Меѓународна поддршка

Првата поддршка дојде на 30. септември 2009. година од Подкомитетот за човекови права на Европскиот парламент.
Во таа пригода претседателката на подкомитетот, госпоѓа Heidi Hautula оцени „дека е ова прв пат една толку важна иницијатива да доаѓа оддолу, кон нас“ .
Во Резолуцијата, усвоена на 19. јануари 2011. година, Европскиот парламент ја предложи Иницијативата за РЕКОМ како процес за кревање на свеста и за помирување ширум западен Балкан и ги повика владите на државите од поранешна Југославија да дадат поддршка за таа невладина иницијатива.

Парламентарното собрание на Советот на Европа на 26.јануари 2011. година ја усвои Резолуцијата со која е особено истакната поддршката за Иницијативата РЕКОМ која повикува на јавно признавање и на почитување на сите жртви.

Европската комисија во октомври 2011. година, во извештајот за напредокот на Србија во европските интеграции, оцени дека „Иницијативата на невладините организации и на невладиниот сектор, како што е РЕКОМ, играат важна улога во јакнењето на помирувањето меѓу граѓаните во регионот. (акт коал)
Силна поддршка на Иницијативата за основање на РЕКОМ даде и Регионалното биро на УНДП за Европа и Заедницата на независни држави на состанокот со делегацијата на Коалицијата за РЕКОМ, на 16. ноември 2011. година. Тоа ја истакна подготвеноста на УНДП своето присуство во пост-југословенските држави да го користи за заговарање за основање на РЕКОМ.
За време на претставувањето на извештајот „Повоената правда и трајниот мир во поранешна Југославија“, на 19 март 2012. година во Сараево, Комесарот за човекови права на Советот на Европа, Thomas Hammarberg, уште еднаш го поддржа основањето на РЕКОМ. Апелираше политичките елити час поскоро да започнат сериозна дискусија за РЕКОМ. Тој ја нагласи важноста од постоењето на еденн заеднички наратив и на консензус за клучните факти, а го поздрави и фокусирањето на РЕКОМ точно на процесот на утврдување на фактите. Според зборовите на Hammarberg, таквиот консензус не го исклучува почитувањето и разбирањето на различните верзии на вистината кое го има секоја етничка заедница поединечно, зашто и тоа е еден од аспектите на помирување, но заеднички став за клучните факти врзани за воените настани од деведесеттите мора да постои.
Европскиот парламент на 29. март 2012. година ја усвои Резолуцијата за напредокот на Србија (2011/2886 РСП), документ кој го подготви словенечкиот пратеник Јелко Кацин. Во 39-тата точка на Резолуцијата, Европскиот парламент „изразува поддршка на Иницијативата РЕКОМ со цел и понатаму да го придвижува и да го насочува процесот на помирување на целиот западен Балкан.“
Главниот тужител на МКСЈ, Serge Brammertz, за време на посетата на Република Хрватска, на 1. април 2012. година, ја поздрави регионалната иницијатива за утврдување и за кажување на вистината: „Иницијативите како што е РЕКОМ се важни затоа што потекнуваат од невладините организации на ниво на државите и од припадниците на невладиниот сектор, па затоа можат да ја надополнат работата на Хашкиот суд и на локалните судови”.